Влада на Република Северна Македонија
- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

# ЗАПИСНИК
# од
# ПЕТТАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ ЗА РЕФОРМА ВО ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
# одржана на 21.05.2019, во 12:00h
# во Влада на Република Северна Македонија

| | |
|---|---|
| ПРИСУТНИ | Зоран Заев (ВРСМ), Бујар Османи (СЕП), Драги Рашковски (ГС ВРСМ), Дамјан Манчевски (МИОА), Драган Тевдовски (МФ), Сухејл Фазлиу (МЛС), Рената Дesковска (МП), Роберт Поповски (МбРКОТ), Лила Пејчиновска Миладиновска (СЗ), Спасе Глигоров (АА), Петре Шилегов (ЗЕЛС), Љупка Цветкова (КПВРСМ), Кристина Димовска (МИОА), Билјана Николовска Жагар (МИОА), Маја Малјановска (МП) |
| ПРЕТСЕДАВАЧ | Зоран Заев, претседател на Влада на Република Северна Македонија |
| ЗАПИСНИЧАР | Стефанија Стафила (МИОА) |

## ПРЕДЛОГ - ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог – дневен ред
2. Усвојување на Записникот од четвртата седница Советот за реформа на јавната администрација, одржана на ден 20.11.2018
3. Дискусија по заклучоците од четврата седница на Советот за реформа на јавната администрација, одржана на ден 20.11.2018
4. Разгледување на Првиот годишен извештај за 2018 за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација со Акциски План 2018-2022 година
5. Реорганизација и оптимизација на органите на државна управа, агенции и инспекциски служби
6. Висока раководна служба
7. Разно (прашања и предлози )


Канцеларија на Претседателот на Владата
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

Петата сеница на Советот за реформа на јавната администрација ја отвори претседавачот на Советот – Претседателот на Владата на Република Северна Македонија (ПВРСМ) Зоран Заев. На самиот почеток, ПВРСМ Заев ги повика членовите на Советот за РЈА да ги изнесат своите забелешки по предлог – дневниот ред. Бидејќи немаше забелешки, дневниот ред беше едногласно усвоен.

Се премина на втората точка од дневниот ред, за која ПВРСМ Зоран Заев ги повика присутните да ги дадат своите забелешки во однос на записникот од четвртата седница на Советот за РЈА. Присутните немаа забелешки, по што записникот беше едногласно усвоен.

Во однос на **третата точка** од дневниот ред *Дискусија по заклучоците од четвртата седница на Советот за реформа на јавната администрација, одржана на ден 20.11.2018* , ПВРСМ Зоран Заев ги прочита Заклучоците пред присутните. Во однос на заклучокот кој се однесува на усвојување на документот "Предизвици и препораки за подобрување за законодавниот процес", со предлог план за реализација на препораките од страна на надлежните институции, Генералниот секретар на ВРСМ Драги Рашковски напомена дека се уште не е подготвена Информација до Владата за усвојување на документот. ПВРСМ Заев даде насока оваа Информација да биде подготвена и предложена до ВРСМ за усвојување до крајот на јуни 2019 година. Во однос на точката за увојување на Првиот полугодишен извештај за спроведување на Стратегијата за РЈА со 2018 - 2022 и Акциски план, министерот за информатичко општество и администрација Манчевски напомена дека истиот е усвоен од страна на ВРСМ. ПВРСМ Заев им даде збор на присутните доколку имаат забелешки по однос на преостанатите заклучоци. Бидејќи никој од присутните немаа забелешки, се премина на дискусија по следната точка од дневниот ред.

По останатите точки од дневниот ред (*Разгледување на Првиот годишен извештај за 2018 за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација со Акциски План 2018-2022 година; Реорганизација и оптимизација на органите на државна управа, агенции и инспекциски служби; и Висока раководна служба)* ПВРСМ Заев му даде збор на министерот за информатичко општество и администрација Манчевски кој најпрво започна со презентација на годишниот извештај за рефома на јавна администрација.

Министерот Манчевски ги презентираше клучните резултати остварени во текот на 2018 година, како и степенот на реализација на активностите предвидени во акцискиот план. Тој појасни дека пред финализирање на нацрт- Годишниот извештај беше упатен повик до граѓанското општество за доставување коментари и предлози за извештајот, но за жал не пристигна импут од ниту една граѓанска организација или засегната страна. Потенцираше дека беше спроведена и презентација со јавна дискусија за Годишниот извештај, за време на која исто така не беа добиени забелешки од страна на присутните.

ПВРСМ Заев отвори дискусија по однос на Нацрт – Извештајот. Генералната секретарка на Секретаријатот за законодавство Лила Пејчиновска Миладиновска даде забелешка во однос на известенотот за мерка 1.2.1 од приоритетна област 1 од Стратегијата. Поконкретно, напомена дека е потребно да се ревидира текстот кој се однесува на активноста за ревидирање на прирачник за транспонирање на законодавството на ЕУ. Кристина Димовска од МИОА соопшти дека во координација со претставници од Секретаријатот за законодавство текстото е усогласен и ревидиран. Други забелешки од страна на присутните не беа дадени, по што членовите на Советот за РЈА го усвоија првиот Извештај за имплементација на Стратегијата за РЈА 2018-2022 со Акциски план и се препорача МИОА истиот да го достави до ВРСМ за усвојување на првата следна седница на ВРСМ.

Во однос точката *Реорганизација и оптимизација на органите на државна управа, агенции и инспекциски служби* Министерот Манчевски истакна дека МИОА со експертска поддршка од СИГМА изработи анализа на организациска поставеност, надлежност и линии на отчетност на органите на државна управа и другите органи од централната власт, за утврдување на моделот на идната организација на институциите. Потоа, како што образложи министерот Манчевски, повторно со поддршка од СИГМА се изготви предлог за нова организациска типологија на органите на државна управа, агенциите и инспекциските служби и подвлече дека ќе биде потребно донесување на нов системски закон за организација на орагните на државната управа. Во Законот повеќе нема да биде наведена листа на државни органи а улогата на министерствата ќе биде јасно дефинирана како формулација на политика и надзор над спроведување на политиката. Во новиот закон ќе се воспостави рамка за секој вид на органи на државна управа, за сеопфатно управување и отчетност, вклучувајќи: критериуми за нивно креирање и избор на најсоодветен вид; критериуми за избор на надлежно министерство кое ќе врши

надзор и ќе управува со органите; обем на организационата и финансиската самостојност и автономија на креирање на политики; мерки за надзор, отчетност и управување кои му се на располагање на надлежното министерство; владина рамка и рамка за управување. Ќе се зајакне улогата и одговорноста на сите министерства како клучни институции за креирање на политики. Бројот на органи на државна управа кои одговараат пред Собранието ќе биде ограничен, во согласност со меѓународните стандарди. Само органите кои треба да бидат целосно самостојни од Владата, ќе одговараат пред законодавната власт. Ќе се воведе посебна постапка за претходна проценка на потребата за креирање на нови тела. Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии ќе имаат зголемена контролна улога во овој процес на креирање на нови институции/органи.

Министерот за финансии Тевдовски побара збор, подвлекувајќи дека овие реформски активности се во согласност со буџетските реформи кои ги спроведува Министерството за финансии и дека МИОА и МФ ќе продолжат со координација во однос на сеопфатната реформа за реорганизација и оптимизација.

Во однос на оваа точка немаше дополнителна дискусија, по што минситерот Манчевски премина на следната точка - *Висока раководна служба.*

Министерот Манчевски ги брифираше членовите на Советот дека првичниот нацрт текст на Законот е објавен на ЕНЕР и ги повика да го погледнат и да достават коментари преку институциите. Напомена дека нацрт – Законот е презентиран на јавен настан во Клубот на органите на управата, а се очекува истиот да биде презентиран и пред пратениците на Собранието на Република Северна Македонија. Дополнително, напомена дека е одржана и работилница на која се работеше на концепт за подзаконските акти. Министерот Манечвски подвлече дека со овој Закон се прави голем исчекор во насока на професионализација и департизација на администрацијата, а целта е поставување на јасни критериуми, како и транспарентност при изборот и разрешувањето на раководителите на институциите. Го објасни процесот и механизмите за избор на високите раководни службеници (ВРС): Комисијата за ВРС ќе биде составена од пет члена а нивниот избор ќе се врши на фер и транспарентен начин преку јавен оглас. Условите за да се стане член на оваа комисија се високо поставени и најосновно е дека истите не смеат да подлежат на било политички или друг притисок, а членовите ќе се бираат од страна на


Канцеларија на Претседателот на Владата
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

Собранието. Откако ќе биде избрана, Комисијата за ВРС ќе формира одбори за селекција на високи раководители и ќе раководи со постапката на селекција на високите раководители. Скеој висок раководител ќе се избира преку индивидуализирана процедура. Законот сеуште е во работна верзија и се истакна дека се очекува од институциите да ги дадат коментарите по нацрт Законот како би можеле да се корегираат потенцијални недостатоци.

По презентацијата на министерот МАнчевски, ПВРСМ Заев отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред. Тој додаде дека во насока на рационализација и професоионализација на јавната администрација, се очекува во наредниот период на дел од кадарот во јавната администрација ќе им се понудат пакети за трансфер во приватниот сектор. Истовремено извести дека се очекува зголемување на платите на вработените во јавниот сектор.

Збор побара министерот за финансии Тевдовски и истакна дека со новитетите во однос на буџетската реформа, министерствата ќе бидат институциите кои ќе преговараат за буџетите како за самите министерства така и за органите во нивен состав. Додаде дека се очекува во понатамошниот период досегашните согласности кои се бараат од МФ за нови вработувања во институциите, да ги даваат матичните министерства по доделување на буџетот, но оваа реформа е понапредна фаза која ке опфати подолг временски период.

По оваа точка збор зеде и претседавачот на ЗЕЛС Петре Шилегов, кој напомена дека треба прецизно да се конципира регулирањето на работата на Комисијата за ВРС, како во истата не би се концентрирала преголема моќ.

Останатите членови на Советот немаа забелешки по оваа точка, по што ПВРСМ Заев премина на последната точка од агенгата – *Разно.* Бидејќи под точка *Разно* никој од присутните членови на Советот не побара збор, ПВРСМ Заев подвлече неколку заклучоци кои произлегоа од дискусијата на петтата седница на Советот:

1. До крајот на јуни 2019 година, Генералниот секратаријат ќе подготви Информација до Владата за усвојување на документот “Предизвици и препораки за подобрување за законодавниот процес” со предлог план за реализација на препораките од страна на надлежните институции.


Канцеларија на Претседателот на Владата
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

2. Советот за РЈА го усвои Првиот годишен извештај за спроведување на Акцискиот План на стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 и преку Министерството за информатичко општество и администрација ќе предложи истиот да се усвои од Владата на Република Северна Македонија

3. Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии ќе одржуваат редовни координативни средби во однос на реорганизацијата и оптимизацијата на органите на државна управа, агенции и инспекциски служби од централна власт, и ќе го известуваат Советот за РЈА за напредокот во однос на оваа реформска активност.

4. Со цел мерење на ефективноста на работењето на институциите, Министерството за информатичко општество и администрација, при подготовка на измените и дополнувањата на Законот за вработени во јавниот сектор ќе предвиди обрска за изготвување на Годишен извештај за спроведени резултати за секоја од институциите од јавниот сектор.

5. Пред ребалансот на буџетот за 2019 година, Секретаријатот за европски прашања ќе подготви предлог за задржување на ИПА кадрите во институциите и ќе го достави до Министерство за информатичко општество и администрација и Министерство за финансии.

Бидејќи никој од присутните не побара збор во однос на предлог заклучоците, ПВРСМ Заев ја затвори петтата седница на Советот за РЈА.


Канцеларија на Претседателот на Владата
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk